ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 08.04.2011

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

Склучени договори со две приватни офталмолошки здравствени установи

Фондот за здравствено осигурување на Македонија од 01.04.2011 година по прв пат склучува договори со две приватни офталмолошки здравствени установи „Систина офталмоголија“ и „Европската очна болница“ за здравствени услуги од областа на **очна хирургија**, со вкупна вредност од **40 милиони денари**. Во двете установи **се обезбедуваат услуги на товар на ФЗОМ кои до сега се изведувале само преку лекување во странство** поради недоволниот капацитет во Македонија. Соодветно, во најголем дел ќе бидат застапени услугите за кои пациентите патуваа во други држави, како што се витректомија (заден сегмент), аблација на ретина, замена на силиконско масло и кератопластика (трансплантација и протеза), меѓутоа покрај нив и помал обем ќе се изведуваат и останати услуги како што е процедури на леќа и катаракта кај покомплексните случаеви со Фако метода. Доделениот буџет е доволен за приближно 600 пациенти (види табела) до крајот на годината со што Македонските граѓани нема патуваат во странство за овие здравствени услуги.

| Приближен планиран број на пациенти во двете очни болници | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Витректомија (заден сегмент) | Аблација на ретина | Замена на силиконско масло | Керато-пластика (транплантација и протеза) | Катаракта-Фако метода (сложена) |
| 200 | 100 | 72 | 24 | 190 |

Бранко Аџигогов
Портпарол